ПОГЛЕД

# Награда, меѓутоа...

***Во просториите на ФЛУ - Сули Ан, на 26 април, во чест на Борко Лазески, беше отворена изложба на студентите од трета и четврта година-отсек сликарство***

На изложбата во чест на Борко Лазески се доделува награда за најдобро остварено индивидуално дело-слика, најчесто на студентите од трета година, како поттик за понатамошно творење. Наградата континуирано ја доделува фондот „Борко Лазески", основан од неговото семејство по неговата смрт во 1993 година. Комисијата составена од професори на ФЛУ самостојно, врз основа на сопствени критериуми, со тајно гласање, одредуваат која слика ќе биде



Од изложбата: дело од К. Апостолска

наградена. Годинашнава награда му припадна на Тихомир Топузовски-Тихи. Неговата слика најсуптилно ја обработува светлината, која е изразена преку белата боја, која, пак, е најприсутна. На сликата е обработена мртва природа, составена од стаклени предмети: вазни, шише и чаши, исполнети со полупроѕирна течност. Тоа што пречи е недостигот на јасна перспектива, која може да се постигне и со еден потег и поголем контраст. Меѓутоа, сликата ја одразува суптилната природа на Тихи, која се гледа и преку неговиот прекар.

На изложбата се претставуваат класите на професорите Душан Перчинков-трета година и Родољуб Анастасов-четврта година. Иако наградата, по правило, се доделува за најдобро остварување во рамките на класата од трета година, годинава не може да му се припише епитетот „најуспешно остварување" на целата изложба. Тоа доаѓа од големата разлика меѓу двете класи, во корист на класата на Родољуб Анастасов. Сликите кај студентите од трета година се технички слабо изработени: цртежот, фактурата и текстурата на подлогата во однос на нацртаниот предмет, бојата, често без сјај, е нанесена многу немарно и несмасно. Наспроти тоа, кај студентите од четврта година, се забележува добро поставен цртеж, владеење со фактурата на нанесената боја, постепено ослободување од академизмот, кој се негува на Факултетот, и индивидуалност при работењето.

Ова не е напад врз талентот на студентите. Ова е порака: треба напор и љубов да се извлече максимумот (технички и креативно) од студентите. Времето понатаму ќе си го покаже своето.

Нада ПЕШЕВА